20101713747

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 3.12.2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО- КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени специјалистичко-консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/2008, 22/2009, 33/2010, 92/2010, 96/2010, 108/2010, 122/2010 и 147/2010), во член 2 во табелата, по редниот број ЦГА3, се додава следната табела:

ЦГА4	Цитогенетска анализа на клетки од плодова вода или хорионски ресички со кариограм	10.300

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17835/9
3 декември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.